# ПРОТОКОЛ ЗА ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

**Согласно протоколите за работа со физичко присуство во време на пандемија со КОВИД 19 на средните училишта**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно училиште на Град Скопје
Shkolla e mesme e Qytetit të Shkupit
ШАИП ЈУСУФ / SHAIP JUSUF
Бр./Nr. 08-62/24
31.08 2020 год./viti
Скопје / Shkup

## 1.ЗАЕДНИЧКИ ПРОСТОРИИ

- Корпи со за отпадоци кои се внатрешно поставени со пластична кеса за собирање на отпадоци од користени маски и друга заштитна опрема, да бидат видно означени и поставени на повеќе места во училиштето и . секој дневно минимум еднаш дневно (ако е потребно по потреба и дополнително) по завршување на смена да се испразнуваат односно прописно да се одложува одпадокот во корпите.

-Персоналот мора да стави посебен нагласок на чистење и дезинфекција на предмети што ги допираат голем број раце (на пр.ограда на скали, прекинувачи, рачки, чешми во мијалните и др.).

Површините и предметите кои почесто се изложени на допир од страна на вработените во училишптето и учениците се дезинфицираат на почетокот и на крајот на секоја смена ,а најмалку 2 пати на ден.

Чистењето на училниците се врши пред почетокот на наставата ,за време на одморот кога учениците се во училишниот двор и по завршување на сите училишни активности со вода и сапун/детергент и со дезинфекционо сретсво кое делува на вируси според упатството на производителот.

Употребата на тоалетите се организра на начин што ќе овозможи присуство на помал број ученици и запазена дистанца(пр ако тоалетот е помал ученикот треба да почека надвор од тоалетот додека излезе ученикот кој е внатре.

Употребата на тоалетите е распоредена и одделена на следнниов начин :тоалет за наставниците во делот за наставници,тоалетот за ученици од 1 до 4 та година и тоалет за административна и стручна служба.

Тоалетите треба да бидат функционални заради овозможување услови за почесто миење на рацете со проточна вода и сапун и почесто да се чистат со задолжително водење на евиденција за спроведено чистење и дизинфекција со со сретство кое делува на вируси според упатство на производителот ,алтернативно може да се користи 0,005 натриум

хлорид (5% белило за домакинство кое се користи во размер 1:100) или 70 % алхохол за дезинфекција на горни површини.

Холовите ,скалите,и останатите заеднички простории се чистат почесто додека учениците се на настава и по завршување на сите училишни активности.

Чистењето на фискултурната сала,спортското игралиште и соблекувалните и други помошни простории се врши веднаш по користење од страна на секој група ученици.

Училиштето изготвува листа на сите површини кои треба редовно да бидат чистени.

Листа е приложена на крајот од протоколот за чистење .

## 2. БИБЛИОТЕКА

-Во читалната и библиотеката постојано ќе има средство за дезинфекција на рацете.

- Читалната или пак и библиотеката треба да биде соодветно и редовно проветрувана.

- Задолжително редовно вршење на дезинфекција на клупите и просторот во читалната со дезинфекционо средство кое делува на вируси според упатство од производителот.
- На крајот на секој ден задолжително механичко чистење и дезинфекција на читалната со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или алкохол за дезинфекција на горни површини.

## 3. НАСТАВНИЦИ, АДМИНИСТРАЦИЈА , СТРУЧНА СЛУЖБА ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

- Вработените во училиштето како наставници, администрацијата, стручна служба и помошно техничкиот кадар на училиштето постојано ќе носат заштитна опрема .

- Задолжително редовно вршење на дезинфекција на бироата и просторот во своите канцеларии со дезинфекционо средство кое делува на вируси според упатство од производителот.

- На почетокот или пак на крајот на секој ден задолжително механичко чистење и дезинфекција на административниот дел со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или алкохол за дезинфекција на горни површини.

- Редовно одржување на тоалетите во административниот дел со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на дезинфекциони средства.

- Канцеларите треба да бидат соодветно и редовно проветрувани.

-По секое чистење т.е по секое извршување на зададената работна задача, секој вработен од техничкиот персонал е должен да стави свој потпис, да внесе време и да ја наведе работната задача која ја завршил, во соодветната табела, наменета за техничкиот персонал.

Листа на предмети и површини задолжителни за секојдневно чистење:

1. ограда на скали,
2. прекинувачи,
3. рачки,/рачки на врати
4. чешми во мијалните
5. Тоалети
6. Ходници
7. Училници
8. Клупи
9. Столици
10. Канцеларии и бироа
11. Компјутери тастатури мауси (компјутерски глувчиња).

Се задржува правото листата да се доплни по дополнително утврдување на потреба од истото поради соодвета заштита и спречување на ширење на заразна болест со ковид .

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧИЛИШЕН ОДБОР**

МЕРСИХА МЕМЕДИ

**В.Д ДИРЕКТОР**

М-Р ДОАН СУЛЕЈМАНОСКИ